Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11-12-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6372 | 1 | |

15:07

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје бр.10-6351/1 од 10.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

**П Р Е Д Л О Г**
**за изрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје бр.10-6351/1 од 10.12.2016 година, емитуван на 10 декември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) е член 76-б став 3 од Изборниот законик („При известувањето во деновите на изборниот молк, ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават: какви било информации, фотографии, аудио и аудио-визуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии, и од носители на функции во органите на власта“).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје бр.10-6351/1 од 10.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена за прекршување на член 76-б став 3 од Изборниот законик.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумското преставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје бр.10-6351/1 од 10.12.2016 година, емитуван на 10 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје бр.10-6351/1 од 10.12.2016 година, Привремената комисија констатираше дека Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје во рамките на својот програмски сервис емитуван на 10 декември 2016 година, на државно ниво, спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, во рамки на вестите на „Глас на Америка“ – програма на албански јазик, што ги пренесува телевизијата, е емитувано интервју со Зиадин Села,

претседател на партијата „Движење за реформи на ДПА“, дел од Коалицијата „Алијанса за Албанците“, и носител на листа со кандидати за пратеници на Коалицијата во 6-та изборна единица.

Прекршокот е констатиран и е специфициран (по опис на констатации од надзорот, датум на прекршок, програма, период на емитување на прилогот – почеток и крај, политички субјект и опис на прилогот) во Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 - М ДООЕЛ Скопје бр.10-6351/1 од 10.12.2016 година, во точка 6. „Констатации од надзорот“.

Врз основа на предходно наведеното, со оглед дека прекршокот е сторен за прв пат, Привремената комисија за следење на медиумското претставување предлага да се покрене прекршочна постапка во која судот ќе изрече прекршочна санкција – опомена.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________________
2. Слаѓана Димишкова ____________________
3. Љубомир Костовски ____________________
4. Горан Трпеноски ____________________
5. Цветин Чилиманов ____________________